Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-32/1
03-01-2025 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-614/1 од 16.09.2024 година, поднесена од [redacted] – Скопје преку претседателот на синдикатот [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз членови на [redacted] врз основ на членство во синдикат, сторена од страна на работодавачот А.Д. ЕНЕРГОМОНТ – Скопје и генералниот директор [redacted] во областа на работата и работните односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 16.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата), доставена е Претставка бр. 08-614/1 од [redacted] – Скопје (во натамошниот текст: Синдикатот) преку [redacted] Подносителот во претставката тврди дека врз членовите на Синдикатот е извршена дискриминација од страна на работодавачот А.Д. ЕНЕРГОМОНТ – Скопје, со седиште на бул. 3-та Македонска Бригада бр. 66 а, Скопје, со тоа што работодавачот преземал неповолни дејствија врз членовите на Синдикатот, што резултирало со престанок на работниот однос на дел од членовите, односно откажување на договорите за вработување од страна на работодавачот.

Имено, во претставката се наведува дека и покрај правото на слободно здружување и синдикално организирање, предвидено со Уставот на Република Северна Македонија и законите, членството во синдикатот довело до несоодветен однос и негативни последици на работното место. По формирањето на Синдикатот во компанијата А.Д. ЕНЕРГОМОНТ-Скопје, членовите на Синдикатот почнале да се соочуваат со неповолни мерки од страна на раководството, односно се соочиле со притисоци за потпишување на нови договори за вработувања, иако некои од нив работеле и по повеќе од 10, 20 години. Со таквите договори за членовите на Синдикатот се предвидувале понеповолни услови за работа, односно прераспределба на пониски работни места и пониски или исти плати, за разлика од останатите вработени кои добиле зголемување на платите. Се наведува дека условите за работа за членовите од Синдикатот, предвидувале пониска работна позиција, значително помалку квалификувана и со пониски одговорности од претходната позиција која ја

извршувале, без никакво објаснување или соодветен процес за деградирање, како и намалување на обемот на работни задачи до таа мера, со што некои членови биле оставени без никаква работа. Дополнително, членовите биле изложени и на исклучување од процесот на носење важни одлуки и состаноци на работното место, им биле намалени можностите за напредување, а се соочиле и со негативен однос од страна на претпоставените. Таквиот притисок од страна на раководството, резултирал со престанок на работниот однос на повеќето од членовите на Синдикатот. На [redacted] му бил даден отказ, без решение и без објаснување за причините за таквата одлука. На истиот не му се дозволувало да влезе во просторијата на синдикатот, односно било ангажирано приватно обезбедување, за да му се попречи пристапот, иако внатре била целата документација и компјутерот на Синдикатот. Покрај тоа, работодавачот им го откажал договорот за вработување и на секретарот на [redacted] и на синдикалната претставничка за безбедност и здравје при работа [redacted] додека членот на [redacted] самиот дал отказ, не можејќи да ги издржи притисоците од раководството. Таквите дејствија од страна на раководството, според подносителот претставуваат форма на дискриминација врз основа на нивното членство во синдикат, што е спротивно на правото на слободно здружување и недискриминација. Подносителот наведува дека таквата состојба не само што го нарушува нивното достоинство и професионален интегритет, туку и создава неповолна работна средина. Следствено, се бара од Комисијата да го истражи случајот и да преземе соодветни мерки за да се заштитат правата на членовите на синдикатот.

Кон претставката подносителот во копии достави:

- Барање од синдикат до А.Д. ЕНЕРГОМОНТ-Скопје, за префрлање на членарина бр. 108/2024 од 19.06.2024 година, со прилог Список на членови;
- Барање до Министерство за труд и социјална политика за упис и регистрација на Синдикална организација , [redacted] од 19.06.2024 година;
- Записник од основачко собрание на Синдикална организација;
- Листа на присутни на основачко собрание;
- -Одлука за основање на Синдикална организација;
- Одлука за избор на Претседател на Синдикална организација;
- Одлука за лице овластено за застапување на Синдикална организација;
- Одлука за избор на членови на извршно тело на Синдикална организација;
- Одлука за седиште на Синдикална организација;
- Изјава од Претседателот за застапување и претставување;
- Согласност од претседателот на КСОМ за прифаќање и пристапување на Синдикалната организација во состав на КСОМ;
- Задолжение од [redacted] на А.Д. Енергомонт – Скопје за [redacted] бр. 01-671/24 од 30.07.2024 година;
- Одговор од [redacted] на задолжение бр. 01-671/24;
- Задолжение од [redacted] на А.Д. Енергомонт – Скопје за [redacted] бр. 01-672/24 од 30.07.2024 година;

- Одговор од [redacted] на задолжение бр. 01-672/24;
- Барање од [redacted] на А.Д. Енергомонт – Скопје од 27.08.2024 година;
- Барање од [redacted] до Државен инспекторат за труд од 29.08.2024 година;
- Барање од [redacted] до Државен инспекторат за труд од 30.08.2024 година;
- Записник за предавање на М1/М2 образец за одјава бр. 01-727/24 од 29.08.2024 година;
- Барање од [redacted] до А.Д. Енергомонт – Скопје од 30.08.2024 година;
- Пријава од познат подносител до Министерство за труд и социјална политика;
- Барање од Конфедерација на синдикални организации на Македонија – КСОМ до Државен инспекторат за труд за вршење надзор и носење времено решение бр. 116 од 08.07.2024 година;
- Барање од [redacted] до Државен инспекторат за труд ИП1 0907 од 04.09.2024 година;
- Известување од Самостоен Синдикат на А.Д. Енергомонт – Скопје до Државен инспекторат за труд бр. 66/8-24 од 04.09.2024 година;
- Одлука на извршен директор на А.Д. Енергомонт – Скопје бр. 01-695/24 од 13.08.2024 година;
- Извештај од специјалистички преглед за [redacted] од ПЗУ Евромедика – Психијатрија Скопје [redacted] од 05.09.2024 година;
- Одлука за избор на претставник од синдикат, за безбедност при работа [redacted] од 02.09.2024 година;
- Барање од [redacted] до Државен инспекторат за труд [redacted] од 16.09.2024 година;
- Решение на А.Д. Енергомонт – Скопје за престанок на работен однос без отказен рок на [redacted] година;
- Овластување од А.Д. Енергомонт – Скопје за одјава од задолжително социјално осигурување на [redacted] година;
- Образец М1/М2 за пријава/одјава за [redacted]
- Барање од [redacted] до Државен инспекторат за труд [redacted] година;
- Решение на А.Д. Енергомонт – Скопје за престанок на работен однос без отказен рок на [redacted]
- Овластување од А.Д. Енергомонт – Скопје за одјава од задолжително социјално осигурување на [redacted]
- Образец М1/М2 за пријава/одјава за [redacted];
- Одлука на извршен директор на А.Д. Енергомонт – Скопје бр. [redacted] година;
- Поплака од [redacted]
- Изјава од [redacted] од 06.09.2024 година;
- Изјава од [redacted]
- Одлука на извршен директор на А.Д. Енергомонт – Скопје бр. [redacted] година;

- Список на вработени лица во А.Д. Енергомонт – Скопје, од 13.09.2024 година;
- Решение од Централен регистар на РСМ деловоден број [redacted] од 30.08.2024 година;
- Известување од А.Д. Енергомонт – Скопје до КСОМ, [redacted] година.

А.Д. Енергомонт – Скопје со допис бр. 01-815/24 од 01.10.2024 година, доставен до Комисијата на 02.10.2024 година и заведен под бр. 08-614/3, се изјасни по наводите во претставката.

Во изјаснувањето наведуваат дека е потребно Комисијата да биде известена во врска со дадените наводи од страна на лицето [redacted] за наводен синдикат на кој се повикува. Имено, истакнуваат дека именуваниот заради неизвршување на работните задачи има добиено отказно решение на 15.08.2024 година по претходно водена дисциплинска постапка и одјава во АВРМ со М1/М2 образец од 26.08.2024 година. Според нив, наводите за дискриминација на кои се повикува подносителот како Претседател на Синдикат се неточни. Наведуваат дека претставката до Комисијата е со датум од 16.09.2024 година и истата била поднесена од неовластено лице кое лажно се претставувало, за што ќе добиело соодветна кривична пријава. Во однос на тоа истакнуваат дека без знаење на А.Д. Енергомонт - Скопје која е сериозна фирма со долгогодишна традиција, од страна на лицето поранешен вработен [redacted] била поднесена регистрациона влошка до ЦРСМ на ден 26.08.2024 година за регистрација на Синдикална Организација, а од страна на регистарот му е издадено решение на ден 30.08.2024 година. Откако дознале за тоа, бил извршен увид од нивните адвокати во просториите на ЦРСМ, при што по добивањето по службен пат на списите со кои е регистриран овој синдикат веднаш поднеле жалба на ден 20.09.2024 година до комисијата за одлучување по жалби во втор степен при ЦРСМ. Оттука, наведуваат дека лицето кое од 15.08.2024 година е со отказно решение и не било во работен однос во А.Д. Енергомонт-Скопје, неовластено формирало синдикална организација, при тоа лажно претставувајќи се. Дополнително наведуваат лицето е акционер во А.Д. Енергомонт-Скопје и дека не може да биде во никој случај претседател на синдикална организација. По однос на останатите писмени наводи, истакнуваат дека истите се без предметни од причина што биле направени после одјавувањето од АВРСМ и спрема сите инволвирани кои свесно го злоупотребиле името на А.Д. Енергомонт-Скопје, ќе биле поднесени кривични пријави. На крајот, наведуваат дека го задржуваат правото со оглед дека претставката е поднесена од синдикална организација при А.Д. Енергомонт-Скопје чија регистрација по дознавањето е оспорена од нивна страна до второстепената комисија при ЦРСМ, за исходот писмено да ја известат Комисијата.

Во прилог кон дописот во копии доставуваат:

- Жалба до комисијата за одлучување по жалби во втор степен при [redacted] од 20.09.2024 година;
- Известување од А.Д. Енергомонт-Скопје до Министерство за труд и социјална политика, бр. 01-796/24 од 24.09.2024 година;
- Известување од А.Д. Енергомонт-Скопје до КСОМ, бр. 01-797/24 од 24.09.2024 година.

Комисијата од наводите и приложената документација во претставката и изјаснувањето, ја утврди следната фактичка состојба:

Видно од Записникот од основачко собрание, Листата на присутни на основачко собрание и Одлуката за избор на претседател, вработените во А.Д. Енергомонт - Скопје [redacted] на 19.06.2024 година основале Синдикална организација „Самостоен Синдикат на А.Д. Енергомонт – Скопје" со [redacted] За членови на Извршниот одбор на Синдикатот биле избрани [redacted]

Синдикатот, видно од Согласност од претседател на КСОМ од 19.06.2024 година, е здружен, односно пристапил во синдикат на повисоко ниво Конфедерација на синдикални организации на Македонија.

На 19.06.2024 година, КСОМ поднел Барање бр. 110 од 19.06.2024 година, за упис на Синдикатот во регистарот на синдикати во Министерството за труд и социјална политика.

До работодавачот А.Д. Енергомонт – Скопје, на 26.06.2024 година, КСОМ поднел Барање бр. 108/24 од 19.06.2024 година, со список на членови на Синдикатот, за префрлување на членарина, со задршка од плата на трансакциска сметка на КСОМ.

Веднаш по основањето на Синдикатот од страна на горенаведените вработени, започнале одредени дејствија од работодавачот врз вработени основачи и членови на Синдикатот.

На 05.07.2024 година, работодавачот донел нов Акт за систематизација на работните места во А.Д. Енергомонт – Скопје, по што на 08.07.2024 година, на вработените им понудил нови договори за вработување. Согласно приложената документација, не е јасна основаноста на понудените нови договори за вработување, односно не е јасно врз основа на кои одредби и кој правен институт од Законот за работните односи е заснована таквата понуда.

Новите договори за вработување биле со променети услови за работа, односно со нови работни задачи и обврски и намалена плата за вработените членови на Синдикатот.

Работодавачот правел обиди за достава на нови договори за вработување до вработените [redacted] лично на 09.07.2024 година, при што истите одбиле да ги примат, по што работодавачот на 13.08.2024 година, во неговите простории ги ставил на огласна табла договорите за [redacted] Ова видно од приложените Одлуки на извршен директор на А.Д. Енергомонт – Скопје од 13.08.2024 година, броеви [redacted]

Во овој период [redacted] добивал задолженија од работодавачот во однос на извршување на работни задачи и во однос на напуштање на работни простории и преселба во други работни простории, видно од Задолжение од генерален директор на А.Д. Енергомонт – Скопје за [redacted] година и


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Задолжение од генерален директор на А.Д. Енергомонт – Скопје за [redacted]

Работодавачот на [redacted] му го откажал без отказен рок договорот за вработување на 15.08.2024 година и истиот го одјавил од задолжително социјално осигурување на 26.08.2024 година.
На 02.09.2024 година, [redacted] е избрана за претставник на Синдикатот за безбедност при работа, а воедно била и секретар на Синдикатот.
Истиот ден [redacted] работодавачот им ги откажува договорите за вработување без отказен рок, односно донесува решенија за престанок на работен однос без отказен рок (видно од Решение на А.Д. Енергомонт – Скопје за престанок на работен однос без отказен рок на [redacted] од 02.09.2024 година и Решение на А.Д. Енергомонт – Скопје за престанок на работен однос без отказен рок на [redacted].
Работодавачот отказот го заснова врз член 82 став 1 од Законот за работните односи, со образложение дека на именуваните им се откажуваат договорите за вработување од причини што истите одбивале да ги примат новите договори и следствено не ги извршувале работните задачи и обврски предвидени со тие договори, без притоа да биде наведен некој од таксативно наброените основи за отказ во членот 82 став 1.
Во истиот период, дејствијата на работодавачот ги опфатиле и другите членови на Синдикатот. Согласно изјавата на [redacted] по основањето на Синдикатот, тој бил распореден на друго работно место, според него со поголема одговорност и без соодветна обука и упатство за работа, додека платата му останала иста споредбено со други колеги на кои истата им била зголемена. Следствено и согласно изјавата на [redacted], тој укажува на тоа дека е распореден на работно место не согласно неговите квалификации и способности и дека неговата плата е иста со платата на други вработени со пониски работни квалификации, а на други такви вработени платата е повисока од неговата. Дополнително тврди дека од страна на раководството било побарано од него да го напушти Синдикатот, со цел да му се зголеми платата.
Бојан Петревски, исто така член на Синдикатот, видно од поплаката која ја доставил до Синдикатот, не му биле доделувани работни задачи согласно работното место.

Согласно член 37 став 1 од Уставот на РСМ, *Заради остварување на своите економски и социјални права, граѓаните имаат право да основаат синдикати. Синдикатите можат да основаат свои сојузи и да членуваат во меѓународни синдикални организации.*

Членот 184 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021 и 111/2023), утврдува *Работниците имаат право, по свој слободен избор, да основаат синдикат и во него да се зачленуваат, под условите пропишани со статутот или правилата на тој*

*синдикат.* Додека ставот 2 утврдува дека *Синдикатот е самостојна, демократска и независна организација на работниците во која доброволно се здружуваат заради застапување, претставување, унапредување и заштита на своите економски, социјални и други поединечни и колективни интереси,* а согласно ставот 5 *Синдикатите и здруженијата од ставовите (1) и (3) на овој член можат да се основаат без какво било претходно одобрување.*

Со член 185 од Законот за работните односи, се определува дека

*(1) Работникот, односно работодавачот слободно одлучува за своето стапување и истапување од синдикатот, односно здружението на работодавачите.*

*(2) Никој не смее да биде ставен во понеповолна положба поради членство или нечленство во синдикатот, односно здружението на работодавачите, односно учество или неучество во дејноста на синдикатот, односно здружението на работодавачите.*

Согласно член 187 став 1 од истиот Закон, *Синдикатите, односно здруженијата на работодавачите можат да основаат свои сојузи или други облици на здружување во кои нивните интереси се поврзуваат на повисоко ниво (синдикати и здруженија на работодавачи на повисоко ниво).* Додека членот 189 утврдува дека *Синдикат на повисоко ниво, односно здружение на работодавачите на повисоко ниво стекнува својство на правно лице со денот на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија, по претходен упис во регистарот на синдикати, односно регистарот на здруженија на работодавачи.*

Членот 198 од Законот за работните утврдува

*(1) Работникот не смее да биде ставен во понеповолна положба од другите работници поради членство во синдикатот, а особено не е допуштено:*

*1) договор за вработување со определен работник да се склучи под услови за тој да не стапи во синдикат, односно под услов да истапи од синдикатот и*

***2) да му се раскине договорот за вработување или на друг начин го стави работникот во понеповолна положба од другите работници поради негово членство во синдикатот** или учество во синдикални активности надвор од работното време, а со согласност на работодавачот и за време на работното време.*

*(2) Членството во синдикатот и учество во активностите на синдикатот не смее да биде околност на која работодавачот ќе ја заснова одлуката за склучување на договор за вработување, **за промена на работата која работникот ја работи, односно местото на работа**, стручното образование, напредувањето, **плаќањата**, социјалните надоместоци и **престанок на договор за вработување**.*

*(3) **Работодавачот, директорот или некој друг орган и застапникот на работодавачот, не смеат да користат присила против кој било синдикат**.*

Согласно член 199 ставови 1 и 2 од Законот, *Синдикатите самостојно одлучуваат за начинот на нивното застапување кај работодавачот.*

*Синдикатите кои имаат членови вработени кај одреден работодавач можат да именуваат или изберат еден или повеќе синдикални претставници кои ќе ги застапуваат кај тој работодавач.*

Членот 200 од Законот за работните односи ја утврдува заштитата на синдикалните претставници, согласно кој

*(1) Синдикалниот претставник е заштитен од отказ согласно со овој закон.*
*(2) На синдикалниот претставник заради синдикална активност не може да му се намали платата или да му се откаже договорот за вработување.*
*(3) На синдикалниот претставник за времето на вршење на должноста, работодавачот може да му го откаже договорот за вработување само со претходна согласност на синдикатот.*
*(4) Ако синдикатот во рок од осум дена не се изјасни за давање или ускратување на согласноста, се смета дека е согласен со одлуката на работодавачот.*
*(5) Ако синдикатот не даде согласност, согласноста може да се надомести со судска одлука.*
*(6) Заштитата пред отказ за лицата од ставот (1) на овој член трае цело време за времето на траењето на мандатот и најмалку две години по престанување на мандатот.*
*(7) На работник кој е избран или именуван на синдикална функција утврдена со статут, а чие вршење бара привремено да престане да работи кај работодавачот, му мирува работниот однос и има право во рок од пет дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.*

Конвенцијата бр. 87 за Слобода на здружување и заштита на правото на организирање, на Меѓународната организација на трудот, во членот 2 утврдува дека *Работниците и работодавачите, без каква било разлика, имаат право да основаат и да се приклучуваат на организации во согласност со правилата на таквата организација по сопствен избор без претходно одобрување.*
Членот 7 од Конвенцијата пак, утврдува дека *Стекнувањето на правен субјективитет од страна на организациите на работниците и работодавачите, федерациите и конфедерациите нема да подлежи на услови од таков карактер што ќе ја ограничи примената на одредбите од членовите 2, 3 и 4 на оваа Конвенција.*

Согласно член 5 став 1 точка 1 од истиот Законот за работните односи, *Работниот однос е договорен однос меѓу работникот и работодавачот во кој работникот доброволно се вклучува во организираниот процес на работа кај работодавачот, за плата и други примања, лично непрекинато ја извршува работата според упатствата и под надзор на работодавачот.* Додека согласно членот 13 став 1 од Законот, *Со потпишување на договорот за вработување се заснова работен однос меѓу работникот и работодавачот.*

Комплементарно, членот 28-а од Законот определува
*(1) Измени на договорот за вработување можат да бидат предложени од страна на работодавачот или од страна на работникот.*
*(2) Измените на договорот за вработување се вршат со анекс на договорот за вработување.*
*(3) Анексот на договорот за вработување се склучува во иста форма како и договорот за вработување, согласно законот.*
*(4) Измените на договорот за вработување можат да бидат извршени ако и двете страни се договорат за истото.*

Согласно член 6 став 1 од Законот за работните односи, *Работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување,* ***членување во синдикатите****, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.*

Членот 71 став 4 од истиот Закон утврдува дека *Отказот на договорот за вработување, кој работникот директно или индиректно го ставаат во понеповолна положба по кој било од основите на членот 6 од овој закон, е ништовен од моментот на врачувањето на отказот.*

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

*Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, *постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *Подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.*

Ценејќи ги наводите во претставката на подносителот како веројатни, Комисијата утврди дека од страна на А.Д. ЕНЕРГОМОНТ – Скопје е сторена директна дискриминација врз основа на членство во синдикат, врз вработените [redacted] како членови на Самостојниот Синдикат на А.Д. Енергомонт – Скопје.

Имено, за Комисијата неспорно е основањето и постоењето на Самостоен Синдикат на А.Д. Енергомонт – Скопје. Спротивно на тврдењата на работодавачот, Синдикатот е конститутивно основан на 19.06.2024 година, наспроти административната постапка за упис на промени во Регистарот на синдикати при Министерството за труд и социјална политика, која е иницирана од синдикатот на

повисоко ниво КСОМ, на истиот датум. Согласно одредбите од Законот за работните односи, член 184 став 5 и член 2 од Конвенцијата бр. 87 на МОТ, синдикатите се основаат без било какво претходно одобрение. Дотолку што, согласно член 189 од Законот за работните односи, со својство на правно лице се стекнуваат само синдикатите на повисоко ниво и за истите е предвидена едноставна административна постапка за регистрација, а комплементарно согласно членот 7 од Конвенцијата бр. 87 на МОТ, стекнувањето со својство на правно лице, во поширока смисла на одредбата, нема да претставува никаква пречка за работниците слободно да се здружуваат преку основање и организирање на синдикати. Следствено, основните синдикални организации е доволно само конститутивно да бидат основани и како такви се здружуваат во синдикати на повисоко ниво, односно во конкретниот случај се приклучуваат кон КСОМ како синдикат на повисоко ниво, за кое приклучување КСОМ ја води административната постапка за упис на промени во однос на неговата внатрешна структура и организација.

Следствено, за Комисијата недвосмислена е намерата на работодавачот А.Д. Енергомонт-Скопје да дејствува антисиндикално, односно дека преземените дејствија кон именуваните вработени биле со цел да се спречи синдикалното организирање од страна на вработените. Ова особено од фактот дека откако КСОМ поднел Барање бр. 108/24 од 19.06.2024 година до работодавачот А.Д. Енергомонт - Скопје, со список на членови на Синдикатот, за префрлување на членарина, со задршка од плата на трансакциска сметка на КСОМ, работодавачот во континуитет започнал со преземање неповолни дејствија спрема вработените кои согласно списокот биле членови на Синдикатот, а воедно и негови основачи. Непосредно по основањето на Синдикатот, работодавачот А.Д. Енергомонт-Скопје веднаш донел нов Акт за систематизација на работните места во А.Д. Енергомонт-Скопје, со што согласно таквиот Акт, предвидел нови работни задачи и обврски за основачите на Синдикатот и споредбено со другите вработени, нивните плати останале исти или биле намалени. Дотолку што, во периодот по донесување на новиот Акт за систематизација, работодавачот спрема дел од вработените членови на Синдикатот, спроведувал неправилно и неосновано дисциплински постапки за неизвршување на работни задачи и обврски. Ова од причини што работниот однос е договорен однос, па оттука новите договори за вработување кои работодавачот ги изготвил со нови услови за работа, требало да бидат прифатени и потпишани, за да може да се смета дека тие биле обврзани да извршуваат работни задачи и обврски согласно тие договори. Првенствено, работодавачот согласно член 28-а од Законот за работните односи, требал да им понуди анекси на договорите за вработување на вработените, меѓу кои, на вработените членови на Синдикатот. Спротивно на тоа, истиот понудил нови договори за вработување, па и покрај тоа што истите не биле прифатени и потпишани од страна на вработените членови на Синдикатот, а со тоа договорите биле неважечки и не произведувале правно дејство, работодавачот им спровел дисциплински постапки и им дал отказ без отказен рок на именуваните под образложение дека не ги извршувале работните задачи и обврски согласно новите договори. Дополнително на тоа, работодавачот постапил и спротивно на членот 200 од Законот за работните

односи, со тоа што му дал отказ на синдикалниот претставник, без воопшто да постапи во согласност со одредбите од овој член. Покрај тоа, работодавачот постапувал неповолно поради членство во синдикат и со вработените основачи на Синдикатот [redacted] со тоа што преземал дејствија со кои ги ставил во понеповолна положба споредбено со другите вработени во однос на условите за работа. Односно, биле принудени на прифаќање други услови за работа, преку нивно распоредување на други работни места, согласно нивните изјави, несоодветни на нивните квалификации, или пак биле исклучувани од работниот процес, со цел да го напуштат Синдикатот.

Оттука, за Комисијата несомнена е поврзаноста на ваквите дејствија на работодавачот со членството во Синдикатот на именуваните, од причина што сите настани и дејствија, настапуваат во периодот веднаш по основањето на Синдикатот кај работодавачот и тоа само кон вработените кои го основале и се членови на Синдикатот, дотолку што работодавачот на ниеден начин не го докажа спротивното во смисла на членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Односно, истиот не докажа постоење на објективно оправдана причина или легитимна цел за таквите постапувања, дека истото не е каузално поврзано со членувањето во синдикат. Напротив, работодавачот и во самото изјаснување го негира Синдикатот преку наративот „наводен синдикат“, а дејствијата одат до таму, што истиот преку преземање на правни дејствија во однос на регистрационата постапка, продолжувал со намерата да го спречи синдикалното организирање на вработените, притоа истакнувајќи и дека кон сите инволвирани ќе се преземат дополнителни правни дејствија.

Со таквите дејствија, работодавачот постапил спротивно на забраната предвидена со одредбите од членот 6 став 1 од Законот за работните односи и членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, спротивно на одредбите од членот 198 од Законот за работните односи прекинувајќи им го работниот однос на именуваните, променувајќи им ги условите за работа, користејќи присила против Синдикатот, со што истите врз основа на членство во синдикат во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ги ставил во понеповолна положба за разлика од другите вработени кои не членуваат во синдикат, повредувајќи им го и оневозможувајќи им го остварувањето на правото на работа, а воедно и уставно гарантираното право да основаат синдикати.

Следствено, за Комисијата отказите на договорите за вработување на лицата [redacted] согласно член 71 став 4 од Законот за работните односи, се ништовни.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

## ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА работодавачот А.Д. ЕНЕРГОМОНТ – Скопје и генералниот директор [redacted] имајќи ја во предвид ништовноста на

отказите на договорите за вработување, веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена, од денот на добивањето на ова мислење со препораката, да ги вратат на работа лицата [redacted] да ги прекинат дискриминаторските дејствија и отстранат последиците од истите и за тоа да ја известат Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА работодавачот А.Д. ЕНЕРГОМОНТ – Скопје и генералниот директор [redacted] во иднина да се воздржуваат од вакви дискриминаторски дејствија врз вработените.

НАПОМЕНА: Доколку препораката не е исполнета во предвидениот рок, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

1. [redacted]
3. *Архива на Комисијата*